# ЗАПИСНИК

Од 52-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 23.08.2024 г. со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата, од вкупно 9 (девет) советници, беа присутни сите членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Љупчо Петровски, Иванчо Котевски, Горан Велјановски, Александар Канзуровски и Наумче Смилевски.

На седницата беше присурна како гостин: Јагода Неделкова - директор на МЈП „Пелалинк“ Битола.

На седницата беа присутни: Градоначалникот Стевановски, Анета Киселоска - раководител Оливера Димитровска – раководител и Николина Лозановска - советник.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записник од 51-та седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување и донесување на Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Новаци за 2024 год. (ребаланс);
3. Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на финансискки средства за подмирување на трошоци направени за време на пожарите на територија на Општина Новаци;
4. Разгледување и усвојување на Измена на Годишен план за вработување за 2024 год. на ЈПКД „Комунална Хигиена“- Новаци;
5. Разгледување и усвојување на Годишен план за вработување за 2025 год. на ЈПКД „Комунална Хигиена“- Новаци;
6. Разгледување и усвојување на Измена на Годишен план за вработување за 2024 год. на МЈП „Пелалинк“- Битола;
7. Разгледување и усвојување на Годишен план за вработување за 2025 год. на МЈП „Пелалинк“- Битола;
8. Разгледување на Барање за градежен матерјал од Црковен одбор на црквата „Мала Богородица“ од с.Бач;
9. Разгледување на Барање за финансиски средства од ПЗ „Мариовско Пелагониски Пчелари“ ( јавен повик);
10. Разгледување на Барање за финансиски средства од Еколошко друштво „Кајмакчалан“ с. Маково ( јавен повик);
11. Разгледување на Барање за финансиски средства од КУД „Новаци“ Новаци (јавен повик)
12. Советнички прашања.

**<u>Дополнување:</u>** Барања за финансиска помош од физички лица по предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош.

1. Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Добре Котевски за неговиот син Ѓорги, како лице со посебни потреби;
2. Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Снежана Митровска, како лице со здравствени проблеми;
3. Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Иванчо Котевски, како лице со здравствени проблеми.

Пред да се разгледа Дневниот ред на 52-та седница на Советот на Општина Новаци, Претседателката Најдовска Стојковска, предложи Дневниот ред да се измени така што нема да се разгледуваат точките бр. 4 (поради дополнители информации), точките бр. 9 и бр. 10 ( одбиени од Комисијата за финансии, буџет и ЛЕР). Воедно потребно е да се дополни Дневниот ред со 1 (една) дополнителна точка, која поради својата итност, неодложно треба да се разгледа на оваа седница:

1. Разгледување на Извештај од Доброволно противпожарно друштво ДПД „Архангел" Битола за учество во гаснењето на пожарите на територија на Општина Новаци.

Советниците го разгледаа Дневниот ред, така што со **<u>9 гласа за</u>** го прифатија Дневниот ред на 52-та седница на Советот на Општина Новаци, кој со измената и дополнувањата е составен од 13 (тринаесет) точки, со тоа што точката бр. 12 - Советнички прашања, преминува во точка бр. 13.

**1 точка** <u>Разгледување и усвојување на Записникот од 51-та седница на Совет на Општина Новаци;</u>

По разгледувањето, Записникот од 51-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **<u>9 гласа за</u>**.

**2 точка** <u>Разгледување и донесување на Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Новаци за 2024 год. (ребаланс);</u>

По однос на втората точка, збор зеде Оливера Димитровска, раководител за финансии која пред Советот на Општина Новаци ја образложи изнената и дополнувањето на Буџетот за 2024год. Имено наместо планираните 9.000.000,00 ден. од поврат на ДДВ за 2024 год., на сметката се префрлени 7.600.000,00 ден, што значи тие средства се намалени, но за сметка на тоа се зголемени блок дотациите кои се однесувсст за училиштето и градинката. Со ребалансот всушност се зголемуваат вкупните приходи поради доспеаниот поврад од ДДВ и соодветно на тоа се зголемуваат и вкупните расходи.

По дискусијата, Советот на Општина Новаци гласаше, така што со **<u>9 гласа за</u>** донесе Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Новаци за 2024 год.

**3 точка** <u>Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на финансискки средства за подмирување на трошоци направени за време на пожарите на територија на Општина Новаци;</u>

Пред Советот на Општина Новаци, зеде збор Градоначалникот Стефановски, кој ги запозна советниците за пожарите кои ја зафатија територијата на Општина Новаци на повеќе локалитети. Во гаснењето на пожарот учествуваа припадници на ППС од Битола, доброволно ПП друштво „Архангел", месно население, доброволци и многу други за кои беше потребно да се обезбедат доволно количество на вода, пијалоци, храна, гориво и др. Поради тоа е потребно Советот на Општина Новаци да донесе одлука со која ќе се исплатат направените трошоци по тој повод.

Советниците гласаа, така што со **<u>9 гласа за</u>** донесоа Одлука за подмирување на трошоци направени за време на пожарите на територијата на Општина Новаци.

**4 точка** <u>Разгледување и усвојување на Годишен план за вработување за 2025 год. на ЈПКД „Комунална Хигиена"- Новаци;</u>

Советниците го разгледаа Годишениот план за вработување за 2025 год., при што констатираа дека се планирани нови 9 вработувања на неопределено работно време. Всушност се работи за постоечки вработувања кои се на определено време подолг временски период поради што има потреба да се променат во вработувања на неопределено работно време.

По кратката дискусија, советниците со **<u>9 гласа за</u>** донесоа Одлука за давање на Согласност на Годишниот план за вработување на ЈПКД „Комунална хигиена"с. Новаци за 2025 год.

**5 точка** <u>Разгледување и усвојување на Измена на Годишен план за вработување за 2024 год. на МЈП „Пелалинк"- Битола;</u>

По однос на оваа точка збор зеде Јагода Неделкова – директор на МЈП „Пелалинк" Битола која пред Советот на Општина Новаци ја образложи измената на Годишен план за вработување за 2024 год. Имено промената се состои во промена на критериумите за вработување на работно место - шофери. Поточно, за 9 вработувања е потребно кандидатите да поседуваат двозачка дозвола за Д категорија и 2 год. работно искуство, за 5 вработувања е потребно Д категорија и без работно искуство и 1 вработување со Б категорија.

Советниците по кратката дискусија гласаа, така што со **<u>9 гласа за</u>** донесоа Одлука за давање на Согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување на МЈП „ПЕЛАЛИНК"- Битола за 2024 год.

**6 точка** <u>Разгледување и усвојување на Годишен план за вработување за 2025 год. на МЈП „Пелалинк"- Битола;</u>

Советот на Општина Новаци доби информација од Директорката Неделкова дека во моментот во претпријатието има 2 вработени на неопределено работно време, додека во 2025 год. се планирани уште 18 вработувања, (од кои 12 вработувања се наменети за возачи на автобуси за јавен превоз) бидејќи станува збор за ново основано претпријатие.

Советот на Општина Новаци со **<u>9 гласа за</u>** донесе Одлука за давање на Согласност на Годишниот план за вработување на МЈП „ПЕЛАЛИНК"- Битола за 2025 год.

**7 точка** <u>Разгледување на Барање за градежен материјал од Црковен одбор на црквата „Мала Богородица" од с.Бач;</u>

Црковниот одбор на црквата „Мала Богородица" од с. Бач достави барање до Советот, за финансиска подршка во градежен материјал за реконструкција на покривот од црквата. Имено тие добиле донација од Австралиско печалбарко друштво чии членови потекнуваат од селото Бач, за реконструкција на фреските и обнова внатрешноста на самата црква. Но бидејќи црквата има оштетен покрив најнапред е потребно да се реконструира покривот (за кое е направена пресметка во висина од 249.900,00 ден), а потоа внатрешноста на црквата.

Советот го разгледа барањето и по дискусијата со **<u>9 гласа за</u>** донесе Одлука за одобрување на набавка на градежен материјал за црквата „Мала Богородица" во с. Бач.

**8 точка** <u>Разгледување на Барање за финансиски средства од КУД „Новаци"- Новаци (јавен повик)</u>

Советот на Општина Новаци го разгледа Барањето и побара присуство на Претседателот на КУД „Новаци", за подетално објаснување и давање на одговори на дополнителни прашања од страна на советниците. Поради неприсуството на претседателот на самата седница, Претседателката Најдовска Стојковска, предложи оваа точка да се разгледува на наредна седница на која ќе присуствува и претседателот на КУД „Новаци" Никола Божиновски.

Овој предлог беше ставен на гласање, така што Советот на Општина Новаци со **<u>8 гласа за и 1 глас против</u>** реши Барањето за финансиски средства од КУД „Новаци"- Новаци, да го разгледа на наредната седница.

**9 точка** Разгледување на Извештај од Доброволно противпожарно друштво ДПД „Архангел“ Битола за учество во гаснењето на пожарите на територија на Општина Новаци.

Советниците добија информација за учеството на Доброволното противпожарно друштво ДПД „Архангел“ од Битола, во гаснењето на пожарите на територија на Општина Новаци. Имено 17 нивни членови со 4 патнички и 1 противпожарно возило беа на терен и тоа на 10, 12, 13 и 14 август и превзедоа акција за целосно ганење на пожарите.

Советниците го разгледаа Извештајот, така што со **9 гласа за** донесоа Одлука за усвојување на Извештај од ДПД „АРХАНГЕЛ“ Битола.

**По предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош на физички лица Советот ги разгледаа следните точки:**

**10 точка** Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Добре Котевски за неговиот син Ѓорги, како лице со посебни потреби;

Советниците го разгледаа Барањето од лицето Добре Котевски за неговиот син Ѓорги, како лице со посебни потреби така што со **9 гласа за** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Добре Котевски во висина од 20.000 ден.

**11 точка** Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Снежана Митровска, како лице со здравствени проблеми;

Советниците го разгледаа Барањето од лицето Снежана Митровска од с.Новаци како лице со здравствени проблеми, така што со **9 гласа за** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Снежана Митровска од с.Новаци во висина од 20.000.

**12 точка** Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Иванчо Котевски од с.Новаци, како лице со здравствени проблеми.

Советниците го разгледаа Барањето од лицето Иванчо Котевски од с. Новаци, како лице со здравствени проблеми така што со **9 гласа за** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Иванчо Котевски во висина од 20.000 ден.

**13 точка** Советнички прашања.

Советникот Љупчо Петровски постави прашање до Градоначалникот Стевановски дали постои можност да се загради бунарот кој се наоѓа во центарот во с. Горно Агларци, бидејќи претставува опасност по безбедноста на жителите од селото.

На ова прашање Градоначалникот Стевановски одговори дека ќе наложи на ЈПКД „Комунална хигиена“ да направи увид на лице место, да набави потребен матерјал и да го загради бунарот во најкус можен временски рок

Советот на Општина Новаци, немаше дополнителни советнички прашања со што 52-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска